# ETHNO SQUARE FESTIVAL

# ЕТНО

## ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ

**БЕРОВО 26, 27, 28. Август**

















## Етно Плоштад Фестивал Берово 2010

❑ Свечено отварање на фестивалот

***26.08.2010 Четврток 11 часот***

Културното наследство и традицијата е она што му дава специфичен белег на секој регион. Фолклорот е народен производ, специфично културно и духовно наследство, нишка која се пренесува од колено на колено и придонела да го зачуваме нашиот идентитет низ вековите.







Современиот начин на живот се повеќе бара да се потсетиме и да ги зачуваме нашите корени. Нова ревалоризација на фоклорот му даваат дел од современите музички правци кои користат фолклорни елементи во стилизирана форма.

Етно Плоштад Фестивал, кој веќе втора година се одржува во Берово ги обединува традиционалната музика и танци со формите на модерен стилизиран фолклор. За време на трите фестивалски денови од 26 до 28 август 2010, посетителите ќе можат да уживаат во изведбите на индивидуални уметници и групи кои изведуваат автентична фолклорна музика, но и стилизиран фолклор во сите форми: џез, фјужан, електронска музика.



Вистинска магија на настанот дава интернационалниот саем на традиционални производи „Малешевијата на дланка“ кој се одржува во склоп на фестивалот. Шаренилото од бои и богатството на производи ќе ве заслепи на бројните штандови. Тука може да најдете ракотворби, сувенири и резби изработени на традиционален начин или стилизирани. Може да вкусите и од медот, млечните производи, сокови, оцет или од тестенините. Се е подготвено по традиционални рецепти, од природни суровини.



**26.08.2010 Четврток 20 часот**

**„Монистра“** е формирана во 2002г од млади Македонци , кои преку музиката оддаваат почит на многуминатата анонимни уметници кои успеале да посеат семе и да го негуваат за да стане препознатливо во светот како богата и признаена македонска култура. Овие млади






луѓе настапуваат со гордост и дигнитет насекаде во светот: Франција, Словенија, Србија, Хрватска, Израел, а сега имаме можност да уживаме во нивниот настап и во Берово. Групата ја сочинуваат:

Александар Јовевски - кавал, тамбура, гајда
Филип Николовски - тамбура
Јован Стрезоски - тамбура
Марјан Андоновски - перкусии (тапан, тарабука)
Дамјан Зифовски - перкусии
Габриела Јанушевска - вокал
Борче Ѓоргиев – клавијатури

**Хаземина „Минка“ Џонлиќ** е мултиинструменталистка и вокалист, која станува се позначајна фугура на словенската музичка сцена. Минка ги комбинира нејзиниот фасцинантен и вреден карактер со сите неопходни елементи за успешна музичка импровизација. Војната ја носи Минка од Градачац (Босна) во Словенија, каде пред 10 години почна да настапува со воклано-инструменталната група Вали, која и стана позната на публиката по своите активни и живи настапи со мелодии од севдалинки и ромски мелос. Нејзиниот настап ќе биде заеднички проект со Сашо Митев-кавал.







**Сашо Митев** - Кавалџија - Инструменталист и Вокален Исполнител, дипломиран Етномузиколог на Факултетот за Музичка уметност во Скопје, моментално ги приврвшува Магистарските студии на Институтот за Фолклор - Марко Цепенков - Скопје (оддел - Фолклористика) на тема - КАВАЛОТ ВО МАКЕДОНИЈА. Сашо е веќе 9 години вработен во Ансамблот за Народни Песни и Игри на Македонија - ТАНЕЦ. Има настапувано на повеќе големи сцени ширум целиот свет - Австралија, Канада, САД, Европа, Русија и т.н



***27.08.2010 Петок 20 часот***

**Фолклорниот ансамбал Карпати** – (Романија) е формиран во 1968г. Сегашниот состав брои 40 членови кои изведуваат кореографии базирани на автентичен романски фолклор. Имаат настапувано во Франција, Белгија, Холандија, Германија, Австрија, Шпанија, Египет, Турција, Молдова. Нивните настапи се комбинација од брзи и живи традиционални танци, стари традиционални песни и балади.






***28.08.2010 Сабота 20 часот***

**„Џембабе„** (Словенија) е проект на петмина пријатели кои ја споделуваат страста за Африка и малнике музиката. Оваа група ќе настапи на фестивалот со словенечки народни песни во африкански ритам. Групата ја сочинуваат:





Тамара Повх - дундун и клавијатури
Тина Сович - џембе, дундун, перкусии
Каролина Буцка- џембе, перкусии
Петра Хундрап- вокал, дундун
Асја Грауф - флејта
Наике Макуц- виолина.

**Паола Блентон** (САД) е по потекло Македонка од семејството Бетински. Порасната е во САД, а од 1995г живее во Бразил со нејзиниот сопруг.Таа е светски призната танчерка и кореограф, која ефектно ги комбинира современите театрални движења со фоклорните танци. Таа е познат кореограф и има настапувано на многу фестивали ширум светот. Како член на CID-UNESCO Меѓународниот совет на истражување на танците, Паола во 1997г подготви документарен филм за Малешевската музичка традиција, кој беше награден.



**Мари Лор** е Французинка со африканско потекло од Мартиник. Нејзиниот настап ќе биде комбинација на специфични танци: Бигуин- традиционален танц и традиционална музика од Мартиник ; Гво ка танц на импровизација и инстинкт, пратен од ритам на ударен инструмент кој потекнува од западна Африка. Мари Лор ќе настапи и со Самба - бразилски танц кој има африкански корени, тоа е специфичен музички израз на урбаниот Рио де Женеиро и во светот е познат како симбол на бразилскиот карневал.



**Ксенија Вискет** (Словенија) со танц почнува да се занимава во раната младост. Долго време е членка на танчарските групи „Стил" и „Кај". Пред девет години прв пат доаѓа во контакт со орјенталните танци и се приклучува на групата Нурсел, а паралелно учествува и на работилници кај повеќе стручнаци, учејќи различни







стилови на оргентални танци, во потрага по сопствен стил. Во 2007 отвара танчерска школа за орјентални танци. Во 2009г добива сертификат за класичен египетски стил на орјентален танц и настапува во неколку клубови во Њујорк.Спонзор е на најголемите светски имиња на орјенталните танци во Словенија и редовно ги организира нивните настапи и работилници.



**Дебора Гарсија** - Кастано (Шпанија) е една од врвните учителки за орјентални и боливудски танци во Мадрид. Таа е признат изведувач и кореограф. Има настапувано заедно со Паола Блентон во Каиро и Шпанија, каде Паола беше гостин инструктор во школата за танци на Дебора.

**Студиото за класични и современи танци Попово** (Бугарија) е основано во 1981г. Уметнички раковосител е Марина Великова. Во 30-годишното постоење има добиено многу награди на меѓународни и национални натпревари. Има настапувано на меѓународни фестивали во Бугарија, Италија, Турција, Македонија, Русија, Романија и др. Во студиото играат повеќе од 60 деца, од различни





возрасни групи (од 5 до 20 години). Репертоарот на составот е поврзан со изучување и популаризација на класичен балет, национални танци - руски, шпански, арабиски, индиски, како и модернизација на бугарскиот фолклор во современи форми на танц.

Изложба во Музеј на град Берово:
## ***ДУШАТА НА БЕРОВСКАТА ЧАЛГИЈА***



Балканскиот Полуостров е мост и крстопат каде се сретнуваат најразлични култури и влијанија, кои оставиле трага и до денес, како во матерјалната, така и во духовната култура на народите. Гледајќи ја географската местоположба на Балканот, тој отсекогаш бил ветрометина на разни културни движења. Една таква крстосница била и малата градска населба Берово во источниот дел на Македонија, во која не заостанувало по многу нешта од околните поголеми градски центри.



Се претпоставува дека чалгиските оркестри во Берово се формирале кон средината на XIX век. Со појавата на градските центри и чалгиските оркестри, се појавуваат и врвни талентирани музичари кои оставаат белег во времето на своето живеење, но и во генерациите што доаѓаат да зборуваат за нив. Беровските чалгиски музички дејци несомнено оставиле огромно богатство кое во времето на нивното постоење успевале да го создадат, интерпретираат и пренесат на помладите генерации. За потврда дека Берово создало талентирани музичари е и податокот дека во крајот на XIX и почетокот на XX век во Берово постоеле неколку музички чалгиски тајфи. Во овој момент би сакале да ги спомeнеме имињата на врвните чалгаџии во Берово, како што се: Данчо Рунтевски, Васил Кафтански, Коста Клинчарски, Ѓорѓи Чиплаковски, Вано Биковски, Киро Рунтевски, Ефтим Мановски, Герасим Рунтевски, Паис Ролевски, Милан Рашковски, Методи Рунтевски, Глигор Скендерски, Ѓорѓи Поп-Ѓорѓиев.

Во чалгиските тајфи во Берово најзастапени инструменти биле: кларинетот, многу попознат под името кварне, исто така се користеле и виолините, кои многу често се изработувани и своерачно од самите чалгаџии. Од жичаните инструменти се сретнуваат: примот, разните тамбури, контрата, а како придружен ударен инструмент главното место му припаѓа на дарјето.

Музичките генијалци во нивното созревање успеале дел од нивниот репертоар да го остават на носач на звук, а при тоа несвесно да оставаат богатство за кое и самите во времето на нивното постоење не биле свесни. Уште поголема доблест имале и нивните поколенија кои грижливо ги чувале како свети реликвии во нивните домови, овие епохални музички заоставштини.

Во оваа пригода им благодариме на сите што помогнаа да се сетиме на нивната музичка дејност и да го збогатиме Берово со културни вредности кои се напластувале долги години наназад.

Автори на изложбата:
Тимко Чичаковски
М-р Владимир Јаневски






ОПШТИНА БЕРОВО
Димитар Влахов бр. 10
2330 Берово
тел./факс: +389 (0)33 471 057
+389 (0)33 471 026
so.berovo@t-home.mk
www.berovo.gov.mk; www.visitberovo.com.mk
www.etnoberovo.mk

european cultural foundation · T · Mobile · ЖИКОЛ · T · Home